РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА
ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИ
Бр. 07-2656/1
30.07 2012 год.
СКОПЈЕ

Бр.07-2/1158

КОМИСИЈАТА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИТЕ, постапувајќи по службена должност за лицето Николче Бабовски од Битола, согласно член 14 и 31 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност (Службен весник на Република Македонија бр. 86/2012), на седницата одржана на ден 30.07.2012 година донесе

## РЕШЕНИЕ

СЕ УТВРДУВА соработка со органите на државната безбедност на лицето Николче Бабовски, ЕМБГ 1411964410015, роден на 14.11.1964 година во Битола, со псевдоним "Ветеринар", кандидат за носител на јавна функција - пратеник во Собранието на Република Македонија.

## Образложение

За Николче Бабовски, кандидат за носител на јавна функција - пратеник во Собранието на Република Македонија , Комисијата за верификација на фактите по службена должност поведе постапка за утврдување соработка со органите на државната безбедност во периодот определен во Законот за определување услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност.

Во постапката за верификација на фактите Комисијата утврди дека за лицето Николче Бабовски во Управата за безбедност и контраразузнавање при Министерството за внатрешни работи на Република Македонија постои лично досие.

Од увидот во досието се утврди дека истото се состои од повеќе документи и тоа: Предлог со Решение за ангажирање на соработник ев.бр.106 од 14.04.1998 составен од 3 страни; Предлог со Решение за престанување на соработка сд.бр.32.15-60/1 од 15.03.2010 год. составен од 3 страни; Службена белешка сд.бр.30.15.1-336/1 од 21.10.2008 год. составен од 3 страни; Извештај од разговор со извор на УБК дов.бр.33.15-97/1 од 02.04.2007 год. составен од 5 страни; Извештај добиен од лице кое соработува со УБК ев.бр.446 од 7.12.2006 год. составен од 4 страни; Извештај добиен од лице кое соработува со УБК ев.бр342 од 3.10.2006 год. составен од 4 страни; Извештај добиен од лице кое соработува со УБК ев.бр111 од 16.03.2006 год. составен од 5 страни; Извештај добиен од лице кое соработува со УБК ев.бр 33 од 26.01.2006 год. составен од 5 страни; Извештај добиен од лице кое соработува со УБК ев.бр260 од 17.05.2005 год. составен од 4 страни; Извештај добиен од лице кое соработува со УБК ев.бр 131 од 23.03.2004 год. составен од 4 страни; Извештај добиен од лице кое соработува со УБК ев.бр 343 од 24.12.2003 год. составен од 6 страни; Извештај добиен од лице кое соработува со УБК ев.бр 236 од 01.10.2003 год. составен од 5 страни; Извештај добиен од лице кое соработува со УБК ев.бр 229 од 19.09.2003 год. составен од 5 страни; Телеграма бр.101 од 17.01.2003 год.; Извештај добиен од лице кое соработува со УБК ев.бр

343 од 13.08.2002 год. составен од 2 страни; Телеграма бр. 32.8-53-2124 од 01.08.2002 год. ; Извештај добиен од лице кое соработува со УБК ев.бр 233 од 06.06.2002 год. составен од 5 страни; Извештај добиен од лице кое соработува со УБК ев.бр 124 од 21.03.2003 год. составен од 4 страни; Извештај добиен од лице кое соработува со УБК ев.бр 51 од 12.02.2002 год. составен од 5 страни; Извештај добиен од лице кое соработува со ДБК ев.бр 99 од 27.03.2001 год. составен од 5 страни; Извештај добиен од лице кое соработува со ДБК ев.бр 484 од 24.10.2000 год. составен од 4 страни; Извештај добиен од лице кое соработува со ДБК ев.бр 111 од 11.04.2000 год. составен од 5 страни; Извештај добиен од лице кое соработува со ДБК ев.бр 318 од 05.10.1999 год. составен од 5 страни; Извештај добиен од лице кое соработува со ДБК ев.бр 31 од 23.02.1999 год. составен од 5 страни; Извештај добиен од лице кое соработува со ДБК ев.бр 359 од 27.10.1998 год. составен од 5 страни; Извештај добиен од лице кое соработува со ДБК ев.бр 311 од 21.09.1998 год. составен од 4 страни; Предлог за одобрување на исплата на денарски парични средства ев.бр. 29 од 20.08.1998 год. составен од 2 страни; Извештај од соработник ев.бр.190 од 15.06.1998 год. составен од 4 страни и Извештај од соработник ев.бр.70 од 24.02.1998 год. од 24.02.1998 год. составен од 6 страни.

Од увидот во документите добиени од, се утврди дека лицето Николче Бабовски, ЕМБГ 1411964410015, роден на 14.11.1964 година во Битола, со псевдоним "Ветеринар",кандидат за носител на јавна функција - пратеник во Собранието на Република Македонија, доброволно бил ангажиран како соработник со органите на државната безбедност во периодот од 14.04.1998 година до 15.03.2010 година. Се утврди дека лицето Никола Бабовски бил заведен и воден под псевдоним "Ветеринар". Исто така, се утврди, дека, во моментот кога бил ангажиран за соработник на државната безбедност бил вработен како професор во земјоделското училиште и бил активен член на влашкото здружение "Браќа Манаки". Се користел во рамките на ОИ "Тенда" посебно во делот на асоцијацијата на власите во подрачјето "Браќа Манаки". Во тој поглед обезбедува сознанија за вклученоста на ДКП во Грција и Романија И односите на двете новоформирани асоцијации "Око" и "Пелагонија". Исто така, презентирал сознанија од безбедносен карактер по линија на спротивставување на дејноста на Грчката разузнавачка служба и Разузнавачките служби на Србија. Истиот е дерегистриран на 15.03.2010 год. со причина дека веќе не соработувал со оперативните работници на СУБК-Битола, бидејќи како лидер на политичка партија во идина сакал да биде еден од креаторите на политичките процеси во РМ, а врската со УБК на ниво на соработник би му преставувало бреме и пречка, според Законот за определување дополнителен услов за вршење јавна функција.

Сите овие докази, содржани во досието на лицето Николче Бабовски, Комисијата за верификација на фактите смета дека се релевантни, па затоа, соглано член 31 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност ја утврди соработката со органите на државната безбедност и дека го исполнува условот за ограничување за вршење јавна функција.

Комисија за верификација на фактите,
Претседател,
Томе Аџиев

ПОУКА: Се упатува лицето во рок од 8 дена од денот на доставувањето на решението, пред надлежен суд да покрене постапка, заснована на начелата на приоритет и итност.

За покренување постапка пред надлежен суд Николче Бабовски да ја извести Комисијата.

ДНА: Да се достави до лицето Николче Бабовски.